Barclay CROP PROTECTION

# Chloroflash

**ЗА УПОТРЕБА САМО КАКО ЗЕМЈОДЕЛСКИ, ХОРТИКУЛТУРЕН И ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОД – ФУНГИЦИД.**

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**
**H317 Може да предизвика алергиска реакција на кожата**
**H319 Предизвикува силно надразнување на очите**
**H332 Штетно ако се вдишува**
**H335 Може да го надразни системот за дишење**
**H351 Сомнеж за можно предизвикување на канцер**
**H400/410 Многу отровно за водниот живот; Многу отровно за водниот живот со долготрајни ефекти**
P261 Да се избегнува вдишување на спрејот
P280 Да се користат заштитни ракавици/заштитна облека/заштита за очи/заштита за лице
P308+313 ВО СЛУЧАЈ на изложеност или сомнеж за изложеност: потражете совет/помош од лекар
P333+313 Во случај на појава на надразнување или осип на кожата: да се потражи совет/помош од лекар
P337+313 Ако иритацијата на очите не престанува: Побарајте медицински совет/помош
P501 За да се избегне ризикот по здравје на луѓето и околината, треба да се придржувате кон упатствата за употреба



**Содржи:** 500 g/L chlorothalonil CAS бр.: 1897-45-6 (концентрат за суспензија SC)

**Дозволатабр.:17-1287на ден: 22,09,2014 г. ја издаде МЗШВ - ФУ на Р.Македонија**

**Пред употреба задолжително прочитајте го приложеното упатство за употреба.**

**Шаржа и датум на производство: отпечатено на амбалажата; рок на важност 2 години:**

**ПРЕД УПОТРЕБА ДОБРО ДА СЕ ПРОТРЕСЕ АМБАЛАЖАТА.**

**ДА СЕ ЗАШТИТИ ОД МРАЗ.**

**Производител: Barclay Chemicals Manufacturing Ltd.,**
Damastown Way, Damastown Industrial Park, Mulhuddart, Dublin 15, Ireland.

**Носител на регистрацијата: Barclay Chemicals (R&D) Ltd.**
Copyright © Barclay Chemicals (R&D) Limited, 2015.

Barclay Crop Protection

**Складирање и одстранување**
ДА СЕ ЧУВА ВО ОРИГИНАЛНА АМБАЛАЖА, добро затворено и на безбедно мсто. ДА СЕ ЧУВА ОДВОЕНО ОД ХРАНА, ПИЈАЛОЦИ И ДОБИТОЧНА ХРАНА. ДА СЕ ЧУВА ВОН ДОФАТ НА ДЕЦА. АМБАЛАЖАТА ДА НЕ СЕ КОРИСТИ за други намени. Овој производ и неговата амбалажа мора да се одстранат на безбеден начин. ИСПЛАКНЕТЕ ЈА АМБАЛАЖАТА ТЕМЕЛНО со употреба на уред за перење под притисок или рачно три пати. Додадете средства за перење во прскалката додека се плакне.

Безбедносен лист за производот е достапен за професионалци по нивно барање.
Овој производ е одобрен според Регулативите за Средства за Заштита на Растенијата.

**УПАТСТВА ЗА УПОТРЕБА**
**ВАЖНО: Овие информации се одобрени како составен дел на етикетата на производот. Сите инструкции во овој дел мора да се прочитаат внимателно со цел да се обезбеди безбедна и успешна употреба на овој производ.**
За најдобри резултати, употребете Barclay Chloroflash пред појава на болеста во согласност со планираните програми за очекувана појава на болеста или веднаш штом се појави. Контролата станува потешка штом се појави болеста и приносот може да се намали. Препораките мора да се дополнат кога е потребно за да се спречат специфини болести кои chlorothalonil не ги контролира или не ги контролира целосно.

## ВАЖНИ ИНФОРМАЦИИ

ЗА УПОТРЕБА САМО КАКО ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФУНГИЦИД

| Култура | Максимална единечна доза | Максимален број на третмани | Последен термин за употреба |
|---|---|---|---|
| Пченица | 2.0 L/ha | Два по култура | Пред зрното да достигне „водена“ зрелост (стадиум 71) |
| Јачмен | 2.0 L/ha | Два по култура | Пред појава на цветот (стадиум 51) |

| ЗИМСКА И ПРОЛЕТНА ПЧЕНИЦА | | |
|---|---|---|
| Болест | Тајминг | Доза |
| Лисна точкаста дамкавост (Septoria spp). Ширењето на Septoria spp. Na горните листови и класот е често придружено со мувла. Намалена ефикасност на Barclay Chloroflash може да настане кога ќе се појави и висок притисок на мувла. Вкупната ефикасност може да се подобри ако меша со одобрен производ за сузбивање на мувла (види компатибилност). | Рана појава на болеста/ситуации со висок ризик: да се аплицира ако има потреба во фенофаза второ коленце (GS30-32) веднаш штом болеста се појави или ако условите за појава на болеста се исполнети. | 2.0 L/ha во најмалку 200 L/ha вода. |
| | Од трето коленце до средина на цветање<br>GS33-65: нормално се третира во периодот од појава на заставичар до крајот на појавата на класот. Ако болеста е присутна на подолните листови, а условите рогодуваат за нејзино ширење, третирајте штом е можно после појавата на заставичар.<br>Доколку притисокот на болеста е силен и пред појава на заставичар, третирајте и во периодот од трето коленце до појава на заставичар GS33-37.<br>Навремено третирање во согласност со појавувањето на болеста ефикасно ќе го спречи ширењето на заставичарот и класот. Задоцнета апликација при силни напади ќе даде само редукција на нивото на болеста. | 2.0 L/ha во најмалку 200 L/ha вода. |



Barclay Crop Protection

| ЗИМСКИ И ПРОЛЕТЕН ЈАЧМЕН | | |
|---|---|---|
| Болест | Тајминг | Доза |
| Сива дамкавост на лсит, Rhynchosporium secalis – умерена контрола | Аплицирајте веднаш штом се појави болеста. Да се повтори ако има потреба до појава на осатките (GS 51). | 2.0 L/ha во најмалку 200 L/ha вода. |
| Точкаста дамкавост | Контрола ќе се постигне ако Barclay Chloroflash се користи како дел од програма за контрола на болести. | 2.0 L/ha во најмалку 200 L/ha вода. |

**МЕШАЊЕ**
До пола наполнете ја прскалката со чиста вода и вклучете мешање. Додадете го потребното количество на Barclay Chloroflash во прскалката. Мешањето да остане вклучено додека се подготвува смесата и за време на прскањето. Не го оставајте растворот во прскалката долг период без да го користите.

**ПРИМЕНА**
Се аплицира само со конвенционални (носени или влечени) прскалки. Применете СРЕДЕН спреј, со минимум притисок од 2 bar. Многу е важно да обезбедите целосна покриеност на лисната маса на културата со спрејот.

**КОМПАТИБИЛНОСТ**
Barclay Chloroflash може да се меша со партнери, како дел од интегрирана програма за контрола на болести. Контактирајте го вашиот дистрибутер за комплетна листа на производи компатибилни со Barclay Chloroflash.

**ГРИЖА ЗА ПРСКАЛКАТА**
Веднаш после завршената апликација на Barclay Chloroflash, исперете ја прскалката со чиста вода и препорачано средство за перење на прскалки, а во согласност со процедурите за чистење.

Barclay Crop Protection